Во прва година во тригодишното стручно образование со времетраење од четири години според адаптирани наставни планови и програми можат да се запишат ученици со посебни образовни потреби (оштетен слух), во следните струки и образовни профили:

**Текстилно - кожарска струка**
- конфекционер

**Машинска струка**
- бравар-заварувач
- обработувач на метал
- автолимар

Исто така, во прва година во **работно оспособување** со времетраење до две години според адаптирани наставни планови и програми можат да се запишат ученици кои не можат да ги следат горенаведените наставни планови и програми за тригодишно стручно образование во следните струки:

**Текстилно – кожарска струка**
**Машинска струка**

**89. ДРЖАВНО УЧИЛИШТЕ ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ СО ОШТЕТЕН ВИД „ДИМИТАР ВЛАХОВ“**

Во прва година во четиригодишното стручно образование може да се запишат ученици со посебни образовни потреби (оштетен вид) во следните струки и образовни профили:

**Здравствена струка**
- физиотерапевтски техничар

Во прва година во тригодишното стручно образование може да се запишат ученици со посебни образовни потреби (оштетен вид) во следните струки и образовни профили:

**Графичка струка**
- книгоповрзувач – картонажер

**Сообраќајна струка**
- манипулант на телефонска централа

**Здравствена струка**
- терапевт - масер

Исто така, во прва година за **работно оспособување** со времетраење до две години, според адаптирани наставни планови и програми, можат да се запишат ученици кои не можат да ги следат горенаведените наставни планови и програми за тригодишно
стручно образование во **графичката струка.**

**90. ДРЖАВНО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ОБРАЗОВАНИЕ „СВ. НАУМ ОХРИДСКИ“**

Во прва година во двегодишното стручно образование со времетраење од три години според адаптирани наставни планови и програми можат да се запишат ученици со посебни образовни потреби (интелектуална попреченост во психофизичкиот развиток), во следните струки и образовни профили:

**Графичка струка**
- помошник картонажер и книгоповрзувач
- послужувач на графички машини

**Машинска струка**
- помошник бравар-лимар
- помошник автомеханичар

**Текстилно - кожарска струка**
- помошник конфекционер

**Електротехничка струка**
- помошник електромеханичар

**Градежно - геодетска струка**
- помошник молеро - лакер

**Угостителско - туристичка струка**
- помошник готвач
- помошник слаткар

Исто така, во прва година за **работно оспособување** со времетраење до две години според адаптирани наставни планови и програми можат да се запишат ученици кои не можат да ги следат горенаведените наставни планови и програми за тригодишно стручно образование во следните струки:

**Машинска струка**
**Текстилно - кожарска струка**
**Графичка струка**

**СТРУГА**

**91. СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ ГИМНАЗИЈА „Д-Р ИБРАХИМ ТЕМО“**

Во прва година ќе се запишат 306 ученици во 9 паралелки (102 ученици во 3 паралелки со настава на македонски јазик, 170 ученици во 5 паралелки со настава на албански јазик и 34 ученици во 1 паралелка на турски јазик) според наставни планови и програми за:

**Гимназиско образование – 306 ученици, 9 паралелки, 60 поени минимум**

| | | |
|---|---|---|
| мак | 102 уч. | 3 пар. |
| алб | 170 уч. | 5 пар. |
| тур | 34 уч. | 1 пар. |

**92. СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ „НИКО НЕСТОР“**

Во прва година ќе се запишат 560 ученици во 17 паралелки (263 ученици во 8 паралелки со настава на македонски јазик и 297 ученици во 9 паралелки со настава на албански јазик) според наставни планови и програми за:

**Градежно - геодетска струка - 136 ученици, 4 паралелки**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - архитектонски техничар | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 45 поени минимум |
| - архитектонски техничар | алб | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 45 поени минимум |
| - геодетски техничар | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 45 поени минимум |
| - геодетски техничар | алб | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 45 поени минимум |

**Електротехничка струка - 68 ученици, 2 паралелки**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - електротехничар за компјутерска техника и автоматика | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 55 поени минимум |
| - електротехничар за компјутерска техника и автоматика | алб | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 55 поени минимум |

**Текстилно - кожарска струка - 68 ученици, 2 паралелки**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - техничар за изработка на облека | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 45 поени минимум |
| - техничар за изработка на облека | алб | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 45 поени минимум |

**Хемиско-технолошка струка - 118 ученици, 4 паралелки**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - хемиски лабораториски техничар | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 45 поени минимум |
| - хемиски лабораториски техничар | алб | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 45 поени минимум |
| - прехранбен техничар *(соработка со компании ЛАБРАДОР ДООЕЛ Охрид, БИЉАНОВИ ДОО Струга, ПОДГОРКА ДООЕЛ Струга, ДРЕЗДА 1981 ДООЕЛ Струга, ТП АРТ 2019 Струга, ПЕКАРА ЦЕНТАР ДООЕЛ Струга, АГРОСИНГНАС ДООЕЛ Струга, НЕЛКОСКИ ОРГАНИК ФУД ДООЕЛ Струга, РЕБУШ ДООЕЛ Струга) | мак | 25 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 45 поени минимум |
| - прехранбен техничар | алб | 25 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 45 поени минимум |

*(соработка со компании ЛАБРАДОР ДООЕЛ Охрид, БИЉАНОВИ ДОО Струга, ПОДГОРКА ДООЕЛ Струга, ДРЕЗДА 1981 ДООЕЛ Струга, ТП АРТ 2019 Струга, ПЕКАРА ЦЕНТАР ДООЕЛ Струга, АГРОСИНГНАС ДООЕЛ Струга, НЕЛКОСКИ ОРГАНИК ФУД ДООЕЛ Струга, РЕБУШ ДООЕЛ Струга)

**Економско, правна и трговска струка - 68 ученици, 2 паралелки**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - економски техничар | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 60 поени минимум |
| - економски техничар | алб | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 60 поени минимум |

**Здравствена струка - 68 ученици, 2 паралелки**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - медицинска сестра | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 70 поени минимум |
| - медицинска сестра | алб | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 70 поени минимум |

**Угостителско - туристичка струка - 34 ученици, 1 паралелка**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - готвач | алб | 34 уч. | 1 пар. | 3 г.тр. | 30 поени минимум |

**СТРУМИЦА**

**93. СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ „ЈАНЕ САНДАНСКИ“**

Во прва година ќе се запишат 374 ученици во 11 паралелки со настава на македонски јазик според наставни планови и програми за:

**Гимназиско образование - 238 ученици, 7 паралелки, 60 поени минимум**

**Економско - правна и трговска струка - 136 ученици, 4 паралелки**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - економски техничар | мак | 136 уч. | 4 пар. | 4 г.тр. | 60 поени минимум |

**94. СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ „ДИМИТАР ВЛАХОВ“**

Во прва година ќе се запишат 381 ученици во 12 паралелки со настава на македонски јазик според наставни планови и програми за:

**Земјоделско - ветеринарна струка - 161 ученици, 5 паралелки**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - агротехничар | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 40 поени минимум |
| - техничар за фитомедицина | мак | 68 уч. | 2 пар. | 4 г.тр. | 45 поени минимум |
| - техничар за агроменаџмент | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 40 поени минимум |
| - полјоделец | мак | 25 уч. | 1 пар. | 3 г.тр. | 30 поени минимум |

*(соработка со компании БУЛ БИЛДИНГ ДОО Струмица, ЕКО ЕНЕРЏИ КОСМОС ДОО Струмица, СБД МЕДПЛАНТ ДОО Струмица)

**Хемиско - технолошка струка - 93 ученици, 3 паралелки**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - прехранбен техничар | мак | 68 уч. | 2 пар. | 4 г.тр. | 45 поени минимум |
| - месопреработувач/пекар | мак | 25 уч. | 1 пар. | 3 г.тр | 30 поени минимум |

*(соработка со компании БИО-

КОМЕРЦ ДООЕЛ Струмица, МИГ-Бисер ДОО Струмица, ВКУС ДОО Струмица, ШОНТЕ-БС ДООЕЛ Струмица, КЛАНИЦА СО ЛАДИЛНИК АД Струмица, ВАСИЛЕВИ ДООЕЛ Струмица,

**Здравствена струка - 102 ученици, 3 паралелки**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - фармацевтски техничар | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 70 поени минимум |
| - медицинска сестра | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 70 поени минимум |
| - физиотерапевтски техничар | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 70 поени минимум |

**Угостителско - туристичка струка - 25 ученици, 1 паралелка**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - келнер / готвач *(соработка со компании ЛЕТНИЦА ЛАНЦ ДООЕЛ Струмица, СИРИУС ДОО Струмица, ЛЕБЕТ АС ДООЕЛ Струмица) | мак | 25 уч. | 1 пар. | 3 г.тр. | 30 поени минимум |

## 95. СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ „НИКОЛА КАРЕВ“

Во прва година ќе се запишат 517 ученици во 16 паралелки со настава на македонски јазик според наставни планови и програми за:

**Машинска струка - 127 ученици, 4 паралелки**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - машински техничар за моторни возила | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 45 поени минимум |
| - техничар за производно машинство *(соработка со компании БИРО СЕФ ДООЕЛ Струмица, МЕТАЛ КГ ДООЕЛ Струмица) | мак | 25 уч. | 1 пар. | 4.г.тр. | 55 поени минимум |
| - инсталатер за греење и климатизација / конструкциски механичар | мак | 34 уч. | 1 пар. | 3 г.тр. | 30 поени минимум |
| - автомеханичар/каросериски механичар | мак | 34 уч. | 1 пар. | 3 г.тр. | 30 поени минимум |

**Текстилно - кожарска струка - 68 ученици, 2 паралелки**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - техничар за моделирање на облека | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 45 поени минимум |
| - техничар за дизајн на облека | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 45 поени минимум |

**Електротехничка струка - 136 ученици, 4 паралелки**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - електротехничар - енергетичар | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 45 поени минимум |
| - електротехничар за компјутерска техника и автоматика | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 55 поени минимум |
| - електромеханичар за компјутерска техника и технологија | мак | 34 уч. | 1 пар. | 3 г.тр. | 30 поени минимум |
| - електромеханичар | мак | 34 уч. | 1 пар. | 3 г.тр. | 30 поени минимум |

**Сообраќајна струка - 93 ученици, 3 паралелки**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - техничар за патен сообраќај | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 55 поени минимум |
| - техничар за транспорт и шпедиција | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 60 поени минимум |
| - ракувач со машини за пренос на материјали *(соработка со компании ЖИКОЛ ДООЕЛ Скопје) | мак | 25 уч. | 1 пар. | 3 г.тр. | 30 поени минимум |

**Шумарско - дрвопреработувачка струка - 34 ученици, 1 паралелка**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - техничар за мебел и ентериер | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 45 поени минимум |

**Градежно - геодетска струка - 59 ученици, 2 паралелки**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - градежен техничар | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 45 поени минимум |
| - тесар, армирач и бетонирач *(соработка со компании ЖИКОЛ ДООЕЛ Струмица) | мак | 25 уч. | 1 пар. | 3 г.тр. | 30 поени минимум |

**ТЕТОВО**

**96. СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕГИМНАЗИЈА „КИРИЛ ПЕЈЧИНОВИЌ“**

Во прва година ќе се запишат 510 ученици во 15 паралелки (102 ученици во 3 паралелки со настава на македонски јазик и 408 ученици во 12 паралелки со настава на албански јазик) според наставни планови и програми за:

**Гимназиско образование – 510 ученици, 15 паралелки, 60 поени минимум**

мак 102 уч. 3 пар.
алб 408 уч. 12 пар.

**97. СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ – ВТОРА ГИМНАЗИЈА „7 МАРТ“**

Во прва година ќе се запишат ученици во 8 паралелки со настава на албански јазик) според наставни планови и програми за:

**Гимназиско образование – 272 ученици, 8 паралелки, 60 поени минимум**

алб 272 уч. 8 пар.

**98. СРЕДНО ОПШТИНСКО МЕДИЦИНСКО УЧИЛИШТЕ „НИКОЛА ШТЕЈН“**

Во прва година ќе се запишат 680 ученици во 20 паралелки (204 ученици во 6 паралелки со настава на македонски јазик, 442 ученици во 13 паралелки со настава на албански јазик и 34 ученици во 1 паралелка на турски јазик) според наставни планови и програми за:

**Здравствена струка - 612 ученици, 18 паралелки**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - медицинска сестра | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 70 поени минимум |
| - медицинска сестра | алб | 204 уч. | 6 пар. | 4 г.тр. | 70 поени минимум |
| - медицинска сестра | тур | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 70 поени минимум |
| - забен техничар | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 70 поени минимум |
| - забен техничар | алб | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 70 поени минимум |
| - медицински лабораториско - санитарен техничар | алб | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 70 поени минимум |
| - дентален асистент | алб | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 70 поени минимум |
| - фармацевтски техничар | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 70 поени минимум |
| - фармацевтски техничар | алб | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 70 поени минимум |
| - физиотерапевтски техничар | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 70 поени минимум |
| - физиотерапевтски техничар | алб | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 70 поени минимум |
| - болничар-негувател | мак | 34 уч. | 1 пар. | 3 г.тр. | 30 поени минимум |
| - болничар-негувател | алб | 34 уч. | 1 пар. | 3 г.тр. | 30 поени минимум |

**Лични услуги - 68 ученици, 2 паралелки**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - техничар за козметичка нега и убавина | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 45 поени минимум |
| - техничар за козметичка нега и убавина | алб | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 45 поени минимум |

## 99. СРЕДНО ОПШТИНСКО ЕКОНОМСКО УЧИЛИШТЕ „8 СЕПТЕМВРИ“

Во прва година ќе се запишат 442 ученици во 13 паралелки (102 ученици во 3 паралелки со настава на македонски јазик и 340 ученици во 10 паралелки со настава на албански јазик) според наставни планови и програми за:

**Економско - правна и трговска струка - 442 ученици, 13 паралелки**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - економски техничар | мак | 68 уч. | 2 пар. | 4 г.тр. | 60 поени минимум |
| - економски техничар | алб | 272 уч. | 8 пар. | 4 г.тр. | 60 поени минимум |
| - правен техничар | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 60 поени минимум |
| - правен техничар | алб | 68 уч. | 2 пар. | 4 г.тр. | 60 поени минимум |

## 100. СРЕДНО ОПШТИНСКО ТЕКСТИЛНО УЧИЛИШТЕ „ЃОЦЕ СТОЈЧЕСКИ“

Во прва година ќе се запишат 340 ученици во 10 паралелки (34 ученици во 1 паралелка со настава на македонски јазик и 306 ученици во 9 паралелки со настава на албански јазик) според наставните планови и програми за:

**Текстилно – кожарска струка – 170 ученици, 5 паралелки**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - техничар за изработка на облека | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 45 поени минимум |
| - техничар за изработка на облека | алб | 68 уч. | 2 пар. | 4 г.тр. | 45 поени минимум |
| - техничар за дизајн на облека | алб | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 45 поени минимум |
| - техничар за моделирање на облека | алб | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 45 поени минимум |

**Хемиско - технолошка струка - 136 ученици, 4 паралелки**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - хемиски лабораториски техничар | алб | 68 уч. | 2 пар. | 4 г.тр. | 45 поени минимум |
| - прехранбен техничар | алб | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 45 поени минимум |
| - техничар за заштита на животна средина | алб | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 45 поени минимум |

**Уметничко образование - 34 ученици, 1 паралелка**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - дизајнер за ентериер, мебел и индустриски производи | алб | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 45 поени минимум |

## 101. ДРЖАВНО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ - РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА „МОША ПИЈАДЕ“

Во прва година ќе се запишат 909 ученици во 27 паралелка (408 ученици во 12 паралелки со настава на македонски јазик и 501 ученици во 15 паралелки со настава на албански јазик) според наставни планови и програми за:

**Сообраќајна струка - 170 ученици, 5 паралелки**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - техничар за патен сообраќај | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 55 поени минимум |
| - техничар за патен сообраќај | алб | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 55 поени минимум |
| - техничар за транспорт и | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 60 поени минимум |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| шпедиција | | | | | |
| - техничар за транспорт и шпедиција | алб | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 60 поени минимум |
| - ракувач со машини за пренос на материјал | алб | 34 уч. | 1 пар. | 3 г.тр. | 30 поени минимум |

**Машинска струка - 263 ученици, 8 паралелки**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - машински техничар | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 45 поени минимум |
| - техничар за производно машинство /машински техничар *(соработка со компании КИЕЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Тетово) | алб | 25 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 55/45 поени минимум |
| - машински техничар за моторни возила | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 45 поени минимум |
| - машински техничар за моторни возила | алб | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 45 поени минимум |
| - техничар за компјутерско управување | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 45 поени минимум |
| - техничар за компјутерско управување | алб | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 45 поени минимум |
| - автомеханичар | мак | 34 уч. | 1 пар. | 3 г.тр. | 30 поени минимум |
| - автомеханичар | алб | 34 уч. | 1 пар. | 3 г.тр. | 30 поени минимум |

**Земјоделско - ветеринарна струка – 136 ученици, 4 паралелки**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - техничар по ветеринарна медицина/ техничар за фитомедицина | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 45 поени минимум |
| - техничар по ветеринарна медицина/ техничар за фитомедицина | алб | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 45 поени минимум |
| - агротехничар | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 40 поени минимум |
| - агротехничар | алб | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 40 поени минимум |

**Угостителско - туристичка струка – 136 ученици, 4 паралелки**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - хотелско - туристички техничар | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 гр.тр. | 45 поени минимум |
| - хотелско - туристички техничар | алб | 34 уч. | 1 пар. | 4 гр.тр. | 45 поени минимум |
| - готвач/ слаткар/ келнер | мак | 34 уч. | 1 пар. | 3 гр.тр. | 30 поени минимум |
| - готвач/ слаткар/ келнер | алб | 34 уч. | 1 пар. | 3 гр.тр. | 30 поени минимум |

**Електротехничка струка – 170 ученици, 5 паралелки**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - електротехничар за компјутерска техника и автоматика | мак | 68 уч. | 2 пар. | 4 г.тр. | 55 поени минимум |
| - електротехничар за компјутерска техника и автоматика | алб | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 55 поени минимум |
| - елетротехничар - енергетичар | алб | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 45 поени минимум |
| - автоелектроничар/ електричар | алб | 34 уч. | 1 пар. | 3 г.тр. | 30 поени минимум |

**Градежно - геодетска струка - 34 ученици, 1 паралелка**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - градежен техничар | алб | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 45 поени минимум |

**102. ДРЖАВНО МУЗИЧКО УЧИЛИШТЕ „ТОДОР СКАЛОВСКИ – ТЕТОЕЦ“**

Во прва година ќе се запишат 68 ученици во 2 паралелки (34 ученици во 1 паралелка со настава на македонски јазик и 34 ученици во 1 паралелка со настава на албански јазик) според наставни планови и програми за:

**Уметничко образование - музичка уметност - 68 ученици, 2 паралелки**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - музичар теоретичар и музичар изведувач | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 60 поени минимум |
| - музичар теоретичар и музичар изведувач | алб | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 60 поени минимум |

**ЦЕНТАР ЖУПА**

**103. СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ „АТА“**

Во прва година ќе се запишат 68 ученици во 2 паралелки (34 ученици во 1 паралелка со настава на македонски јазик и 34 ученици во 1 паралелка со настава на турски јазик) според наставните планови и програми за:

**Гимназиско образование – 68 ученици, 2 паралелки, 55 поени минимум**

мак 34 уч. 1 пар.
тур 34 уч. 1 пар.

**ШТИП**

**104. СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ ГИМНАЗИЈА „СЛАВЧО СТОЈМЕНСКИ“**

Во прва година ќе се запишат 238 ученици во 7 паралелки со настава на македонски јазик според наставни планови и програми за:

**Гимназиско образование - 238 ученици, 7 паралелки, 60 поени минимум**

**105. СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ „КОЛЕ НЕХТЕНИН“**

Во прва година ќе се запишат 272 ученици во 8 паралелки со настава на македонски јазик според наставни планови и програми за:

**Машинска струка - 102 ученици, 3 паралелки**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - техничар за компјутерско управување / машински техничар | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4.г.тр. | 45 поени минимум |
| - машински техничар за моторни возила / машинско - енергетски техничар | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 45 поени минимум |
| - машински механичар / конструкциски механичар | мак | 34 уч. | 1 пар. | 3 г.тр. | 30 поени минимум |

**Електротехничка струка - 136 ученици, 4 паралелки**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - електротехничар - енергетичар | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 г тр. | 45 поени минимум |
| - електротехничар за електроника и телекомуникации | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 г тр, | 50 поени минимум |
| - електротехничар за компјутерска техника и автоматика | мак | 68 уч. | 2 пар. | 4 г тр, | 55 поени минимум |

**Угостителско - туристичка струка - 34 ученици, 1 паралелка**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - келнер / готвач | мак | 34 уч. | 1 пар. | 3 г.тр. | 30 поени минимум |

**106. СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ „ДИМИТАР МИРАСЧИЕВ“**

Во прва година ќе се запишат 102 ученици во 3 паралелки со настава на македонски јазик според наставните планови и програми за:

**Текстилно - кожарска струка – 102 ученици, 3 паралелки**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - техничар за изработка на облека / техничар за моделирање на облека | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 45 поени минимум |
| -техничар за дизајн на облека | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 45 поени минимум |
| - конфекционер | мак | 34 уч. | 1 пар. | 3 г.тр. | 30 поени минимум |

**107. СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ „ЈАНЕ САНДАНСКИ“**

Во прва година ќе се запишат 238 ученици во 7 паралелки со настава на македонски јазик според наставни планови и програми за:

**Здравствена струка - 238 ученици, 7 паралелки**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - медицинска сестра | мак | 102 уч. | 3 пар. | 4 г.тр. | 70 поени минимум |
| - забен техничар | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 70 поени минимум |
| - фармацевтски техничар | мак | 34уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 70 поени минимум |
| - физиотерапевтски техничар | мак | 34уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 70 поени минимум |
| - медицински лабораториско - санитарен техничар | мак | 34 уч | 1 пар | 4 г.тр | 70 поени минимум |

**108. ДРЖАВЕН МУЗИЧКИ УЧИЛИШТЕН ЦЕНТАР „СЕРГЕЈ МИХАЈЛОВ“**

Во прва година ќе се запишат 68 ученици во 2 паралелки со настава на македонски јазик според наставни планови и програми за:

**Уметничко образование - музичка уметност - 68 ученици, 2 паралелки**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - музичар теоретичар | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 60 поени минимум |
| - музичар изведувач | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 60 поени минимум |

**109. ЦЕНТАР ЗА СПЕЦИЈАЛНО СРЕДНО НАСОЧЕНО ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТАНИЕ „ИСКРА“**

Во прва година во двегодишното стручно образование со времетраење од три години според адаптирани наставни планови и програми, може да се запишат ученици со посебни образовни потреби (интелектуална попреченост во психофизичкиот развиток), во следните струки и образовни профили:

**Земјоделско - ветеринарна струка**

- помошник во растително прозводство

**Машинска струка**

- помошник бравар-лимар

**Текстилно - кожарска струка**

- помошник конфекционер

**Графичка струка**

- помошник книгоповрзувач - картонажер

Исто така, во прва година во **работно оспособување** со времетраење до две години според адаптирани наставни планови и програми, можат да се запишат ученици кои не можат да ги следат горенаведените наставни планови и програми за тригодишно стручно образование во следните струки:

**Земјоделско - ветеринарна струка**
**Машинска струка**
**Текстилно - кожарска струка**
**Графичка струка**

## I. ПАРАЛЕЛКИ ВО СОСТАВ НА ЈАВНИТЕ СРЕДНИ УЧИЛИШТА КОИ СЕ НАДВОР ОД СЕДИШТЕТО

Паралелки во состав на јавните средни училишта има во:
- Општинско средно училиште „Ацо Русковски” - Берово во Пехчево,
- Средно општинско училиште „28 Ноември” - Дебар во Могорче,
- Државно музичко училиште „Тодор Скаловски - Тетоец” - Тетово во Струга,
- Средно училиште на Град Скопје „Владо Тасевски” во Средно училиште на Град Скопје „8Септември”,
- Државно средно училиште за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски” – Скопје во Средно општинско училиште „Кузман Шапкарев” – Битола и
- Државен музичко-балетски училиштен центар „Илија Николовски-Луј” во Кавадарци.

Паралелки во состав на државното средно училиште - Спортска академија има во:
- СОУ „Кузман Шапкарев” – Битола, фудбал, ракомет,
- СОУ „Перо Наков“ – Куманово, кошарка,
- ОУТУ „Ванчо Питошевски“ – Охрид, фудбал,
- СОУ Гимназија „Мирче Ацев“ – Прилеп, фудбал,
- СОУ „Никола Карев” – Струмица, фудбал,
- СОУ„Кирил Пејчиновиќ“ – Тетово, фудбал,
- СОУ „Кочо Рацин“ – Велес, фудбал,
- СОУ „Гостивар“ – Гостивар, фудбал и
- СОУ „Коле Нехтенин” – Штип, фудбал.

## II. УСЛОВИЗА ЗАПИШУВАЊЕ И КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА УЧЕНИЦИТЕ

Запишувањето на учениците во јавните средни училишта (во натамошниот текст: училишта) во учебната 2021/2022 година ќе се врши под услови и на начин утврдени со Законот за средното образование, Законот за стручно образование и обука, Законот за спортска академија, Законот за Математичко - информатичка гимназија и со овој Конкурс.

Условите за запишување на учениците во прва година се:
- да имаат завршено основно образование;
- да не се постари од 17 години;
- да се определиле за план и програма за еден од следните видови образование:
  а) гимназиско образование;

б) стручно образование и обука;
в) средно уметничко образование;
г) средно образование за ученици со посебни образовни потреби;
- да ги исполнуваат критериумите утврдени со овој Конкурс.

Критериуми за избор на учениците се:

- среден успех на ученикот од VI до IX одделение;
- среден успех на ученикот постигнат по четири предмети (мајчин јазик, странски јазик и два предмети што се од значење за струката);
- дипломи за освоени (I, II и III) места од меѓународни натпревари, како и државни натпревари (организирани од акредитирани здруженија од Министерство за образование и наука) по мајчин јазик, странски јазик, природни науки, математика, хемија, физика, биологија и географија и наставни предмети што се од значење за струката односно изборното подрачје;
- средна вредност од поени добиени за поведение од VI до IX одделение.

За учениците кои се пријавуваат за упис во Спортската академија покрај горенаведените критериуми за избор, се вреднуваат и способностите за спортски вештини согласно Законот за Спортска академија.

За учениците кои се пријавуваат за упис во Математичко – информатичката гимназија покрај горенаведените критериуми за избор, се вреднуваат и освоените поени од приемниот испит по математика и физика согласно Законот за математичко-информатичка гимназија.

Во средното уметничко образование може да се запишат и надарени ученици со незавршено основно образование по претходна писмена согласност од Министерството за образование и наука врз основа на предлог од училиштето, со обврска паралелно да се здобијат со основно образование.

Во средното образование за ученици со посебни образовни потреби се вклучуваат ученици според видот и степенот на попреченост.

Учениците од ромската етничка заедница можат да се запишат во одредено јавно средно училиште ако имаат до 10% помалку поени од бројот на поените предвидени согласно Конкурсот за соодветните наставни планови и програми и ако ги задоволуваат дополнителните критериуми за испит на знаења и вештини во соодветното училиште.

Бесплатен превоз или сместување на учениците кои ќе се запишат во прва година во јавните средни училишта нема да биде обезбеден, ако избраниот вид образование (струка или насока) го има во општината, односно регионот.

Во училиштата каде што се пријавуваат поголем број ученици кои ги исполнуваат предвидените услови од планираниот број предвиден во овој конкурс, се организира квалификационо тестирање по наставниот материјал од осмо и деветто одделение по следните наставни предмети и тоа:
- за гимназиско образование - мајчин јазик и математика;
- за здравствена струка - биологија и хемија,
- за другите струки - мајчин јазик и математика.

Во средното уметничко образование (музичко, балетско и ликовно), спортската гимназија, училиштата утврдуваат дополнителни критериуми.

За средниот успех од VI до IX одделение ученикот може да добие најмногу 50 поени (општиот успех од шесто, седмо, осмо и деветто одделение се собира, се дели на четири и истиот број се множи со коефициент 10).

За средниот успех постигнат од четирите предложени наставни предмети (два наставни предмети задолжително за сите видови образование и два предмети што се значајни за струката), ученикот може да добие најмногу 20 поени (5 поени за секој предмет).

За освоено место од меѓународни и државни натпревари ученикот може да добие:

- За освоено место од меѓународни натпревари 5 поени
- За освоено место од државни акредитирани натпревари: за I место – 3 поени, за II место – 2 поени и за III место – 1 поен.

За средна вредност од поените за поведение од VI до IX одделение, ученикот може да добие најмногу 5 поени. (Примерно поведение се вреднува со 5 поени, добро поведение се вреднува со 3 поени и незадоволително поведение се вреднува со 0 поени. Средната вредност е збир од поените за поведението од шесто, седмо, осмо и деветто одделение поделен со 4).

Утврдениот минимум број поени за првото пријавување е составен дел на овој Конкурс.

**П Р Е Г Л Е Д**

**на наставните предмети од основното образование кои се предвидени во критериумите за рангирање на успехот на учениците**

| **реден број** | **1. СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ**<br>**- струка -** | **задолжителни наставни предмети** | **наставни предмети кои се од значење за струката** |
|---|---|---|---|
| 1 | геолошко – рударска и металуршка | - мајчин јазик<br>- странски јазик | - математика<br>- физика |
| 2 | градежно - геодетска | - мајчин јазик<br>- странски јазик | - математика<br>- физика |
| 3 | графичка | - мајчин јазик<br>- странски јазик | - хемија<br>- ликовно образование |
| 4 | економско - правна и трговска | - мајчин јазик<br>- странски јазик | - математика<br>- историја |
| 5 | електротехничка | - мајчин јазик<br>- странски јазик | - математика<br>- физика |
| 6 | здравствена | - мајчин јазик<br>- странски јазик | - биологија<br>- хемија |
| 7 | земјоделско - ветеринарна | - мајчин јазик<br>- странски јазик | - биологија<br>- хемија |
| 8 | лични услуги | - мајчин јазик<br>- странски јазик | - биологија<br>- хемија |
| 9 | машинска | - мајчин јазик<br>- странски јазик | - математика<br>- физика |
| 10 | сообраќајна | - мајчин јазик<br>- странски јазик | - математика<br>- физика |
| 11 | текстилно - кожарска | - мајчин јазик<br>- странски јазик | - математика<br>- хемија |
| 12 | угостителско - туристичка | - мајчин јазик<br>- странски јазик | - биологија<br>- географија |
| 13 | хемиско - технолошка | - мајчин јазик<br>- странски јазик | - математика<br>- хемија |
| 14 | шумарско - дрвопреработувачка | - мајчин јазик<br>- странски јазик | - математика<br>- биологија |

| реден број | 2. ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ - подрачје / комбинација - | задолжителни наставни предмети | наставни предмети кои се од значење за подрачјето |
|---|---|---|---|
| 1 | природно - математичко подрачје (комбинација А) | - мајчин јазик<br>- странски јазик | - математика<br>- физика |
| 2 | природно - математичко подрачје (комбинација Б) | - мајчин јазик<br>- странски јазик | - математика<br>- биологија |
| 3 | општествено - хуманистичко подрачје (комбинација А) | - мајчин јазик<br>- странски јазик | - математика<br>- историја |
| 4 | општествено - хуманистичко подрачје (комбинација Б) | - мајчин јазик<br>- странски јазик | - математика<br>- историја |
| 5 | јазично - уметничко подрачје (комбинација А) | - мајчин јазик<br>- странски јазик | - математика<br>- историја |
| 6 | јазично - уметничко подрачје (комбинација Б) | - мајчин јазик<br>- странски јазик | - математика<br>- историја |
| **реден број** | **3. МАТЕМАТИЧКО – ИНФОРМАТИЧКА ГИМНАЗИЈА - вид на образование -** | **задолжителни наставни предмети** | **наставни предмети кои се од значење за видот на образованието** |
| 1 | гимназиско образование од Математичко – Информатичка гимназија | - мајчин јазик<br>- странски јазик | - математика<br>- физика |
| **реден број** | **4. СПОРТСКА ГИМНАЗИЈА - вид на образование -** | **задолжителни наставни предмети** | **наставни предмети кои се од значење за видот на образованието** |
| 1 | гимназиско образование од Спортска гимназија | - мајчин јазик<br>- странски јазик | - биологија<br>- физичко и здравствено образование |
| **реден број** | **5. УМЕТНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ - насока -** | **задолжителни наставни предмети** | **наставни предмети кои се од значење за насоката** |
| 1 | применета ликовна уметност | - мајчин јазик<br>- странски јазик | - ликовно образование<br>- историја |
| 2 | музичка уметност | - мајчин јазик<br>- странски јазик | - музичко образование<br>- историја |
| 3 | балетска уметност | - мајчин јазик<br>- странски јазик | - музичко образование<br>- физичко и здравствено образование |

*** Мајчин јазик: македонски јазик, албански јазик, турски јазик и српски јазик**

## III. ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ

При пријавувањето, учениците ги поднесат следните документи:

- пријава за запишување (пријавата за запишување ја изготвува Министерството за образование и наука и ја објавува на официјалната веб страница);
- оригинални свидетелства од VI до IX одделение;
- дипломи, (доколку имаат) од освоени (I, II и III) места од меѓународни и државни натпревари од мајчин јазик, странски јазик, природни науки, математика, хемија, физика, биологија и географија и наставни предмети што се од значење за струката, насоката, односно изборното подрачје;
- извод од матичната книга на родените (без оглед на датумот на издавањето).

Учениците при пријавувањето во Спортската академија доставуваат и потврда за способности за спортски вештини за спортот за кој ученикот е проверуван.

Учениците при пријавувањето во Математичко – информатичка гимназија доставуваат и потврда за положен приемен испит со број на освоени поени по математика и физика.

За упис во програмата за Меѓународна матура во Средното училиште на Град Скопје Гимназија „Јосип Броз Тито” - Скопје, потребните документи и сите други потребни информации ќе бидат објавени на огласната табла на училиштето.

## IV. КОНКУРСНИ РОКОВИ

Пријавувањето и запишувањето на учениците ќе се врши во еден уписен рок со три пријавувања во месец јуни.

Првото пријавување и запишување на учениците ќе се врши на 14 јуни 2021 година во период од 12:00 часот до 19:00 часот, на 15 и 16 јуни 2021 година во период од 07:00 часот до 19:00 часот и на 17 јуни 2021 година во период од 07:00 часот до 15:00 часот, согласно изготвен распоред од страна на училиштето. Ранг листите со резултатите од запишувањето и слободните места ќе се објават на 17 јуни 2021 година во периодот од 16:00 часот до 19:00 часот.

Квалификационото тестирање ќе се организира во училиштата за средно образование на 21 јуни 2021 година, а конечните ранг листи со резултатите ќе се објават на 21 јуни 2021 година.

Второто пријавување и запишување на учениците ќе се врши на 23 и 24 јуни 2021 година во период од 07:00 часот до 19:00 часот и на 25 јуни 2021 година во период од 07:00 часот до 15:00 часот, согласно изготвен распоред од страна на училиштето. Ранг листите со резултатите од запишувањето и слободните места ќе се објават на 25 јуни 2021 година во периодот од 16:00 часот до 19:00 часот.

Квалификационото тестирање за второто пријавување ќе се организира во училиштата за средно образование на 26 јуни 2021 година, а конечните ранг листи со резултатите ќе се објават на 26 јуни 2021 година.

Третото пријавување и запишување на учениците ќе се врши на 30 јуни 2021 година во период од 07:00 часот до 19:00 часот, согласно изготвен распоред од страна на училиштето. Ранг листите со резултатите од запишувањето и слободните места ќе се објават на 1 јули 2021 година.

**Учениците кои се упатени на поправни испити, испит на година, испити за побрзо напредување, може да се запишат во училиштата во кои има слободни места после јунскиот рок, на 23 август 2021 година за што доставуваат доказна документација.**

**По објавување на ранг листите со резултатите од запишувањето, учениците кои не се запишани во училиштето, задолжително ја подигнуваат целокупната доставена документација поднесена во училиштето во рок од 48 часа, а училиштата имаат обврска да ја вратат целокупната документација на учениците во рок од 48 часа.**

Пријавувањето за упис во програмата Меѓународна матура во Средното училиште на Град Скопје Гимназија „Јосип Броз Тито” - Скопје ќе се врши од 4 до 14 мај 2021 година.

## V. НАСОКИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА КОНКУРСОТ

Јавните средни училишта се должни интерните огласи ги објавуваат на јавно место во училиштето најдоцна до 23 април 2021 година, во рамките на вкупниот број на ученици и паралелки утврдени со овој Конкурс.

Училиштата по првото пријавување, можат да го намалат утврдениот број на минимум поени дадени во Конкурсот најмногу до 10 поени, освен за упис во гимназиско образование, економско – правна и трговска струка и здравствена струка, каде намалувањето на утврдениот број на поени минимум не е дозволено.

Училиштата се должни со интерен оглас за второто пријавување, односно третото пријавување да ги истакнат утврдените минимум поени со кои е можно учениците да конкурираат за запишување во определен план и програма. Објавувањето на минимумот поени треба да се изврши на 21 јуни 2021 година за второто пријавување, односно на 25 јуни 2021 година за третото пријавување.

За учениците кои завршиле деветто одделение во Република Северна Македонија, а едно, две или три одделенија (VI, VII или VIII одделение) завршиле во странство, за тие одделенија се зема успехот од деветто одделение и важат истите критериуми за избор на ученици дадени погоре.

Директорот на средното училиште формира Училишна комисија за запишување на ученици, која ја сочинуваат 5 (пет) членови и тоа:
- директор на училиштето;
- 4 (четири) членови од редот на наставниците и стручните соработници во училиштето.

Претседател на комисијата е директорот на училиштето, а комисијата може да има и заменик претседател и заменици членови.

Училишната комисија одговара за правилно и навремено спроведување на Конкурсот за запишување на ученици во средните училишта во уписните рокови, ја утврдува ранг истата на примени ученици и решава по приговори од ученици по ранг листата во рок од 24 часа по истакнувањето на истата и ги врши следните надлежности:
- формира посебни комисии (комисија за прием на документи, комисија за рангирање и комисија за квалификационо тестирање во училиштата во кои ќе се пријават поголем број на ученици кои ги исполнуваат предвидените услови од

утврдениот број со овој Конкурс);
- објавува интерен оглас согласно овој Конкурс за секое пријавување и го објавува на јавно место во училиштето;
- објавува ранг листи на пријавени и запишани ученици;
- доставува извештаи за пријавени и запишани ученици до Министерството за образование и наука и до општината, односно Градот Скопје;
- ги враќа примените документи (освен пријавата) на учениците коишто не се запишани во училиштето по секое пријавување во рок од 48часа по конечните ранг листи;
- ги утврдува резултатите од организираното квалификационо тестирање;

Комисијата за прием на документи ги врши следните надлежности:
- го организира приемот и врши прием на документи;
- ја проверува комплетноста и исправноста на документите и одговора за примените документи;
- ги архивира примените документи и издава потврда за примените документи;
- дава потребни информации и насоки на учениците и родители за запишување на учениците.

Комисијата за рангирање ги врши следните надлежности:
- врши рангирање на учениците согласно доставените документи определени во Конкурсот;
- изготвува ранг листа на пријавените кандидати и запишаните кандидати со забелешка на ранг листата заклучно со кој реден број се примени ученици и правото на Приговор и ја доставува до Училишната комисија;
- ја известува Училишната комисија доколку се пријават повеќе ученици од утврдениот број со овој Конкурс.

Во училиштата каде што се пријавуваат поголем број на ученици од планираните предвидени во овој конкурс, а кои ги исполнуваат предвидените услови, се организира квалификационо тестирање. Тестирањето се однесува за сите ученици кои имаат ист број поени и се под и над последниот реден број предвиден за прием согласно конкурсот.

За реализација на квалификационото тестирање во училиште во кое се пријавени поголем број на ученици кои ги исполнуваат предвидените услови од планираниот број предвиден во овој конкурс, министерот со решение формира комисија во состав од 5 члена и тоа:
- 2 претставници на Министерството за образование и наука,
- 2 претставници од Бирото за развој на образованието и
- 1 претставник од училиштето во кое се спроведува квалификационото тестирање.

Претседател на комисијата е претставник од министерството, а комисијата има заменик претседател и заменици членови.

Квалификационото тестирање на учениците ќе се реализира во средното училиште, а врз основа на испитна програма и тестови изготвени од Бирото за развој на образованието.

## VI. НАДЗОР НАД СПРОВЕДУВАЊЕ НА КОНКУРСОТ

Надзор над спроведување на овој Конкурс врши Министерството за образование и наука, Државниот просветен инспекторат и овластените просветни инспектори на општините, односно овластените просветни инспектори на Градот Скопје.

**Министер за образование и наука,**
**Мила Царовска**